Бр. 08-4627/1
14-04-2011 година
Скопје

Министерство за здравство

50-та Дивизија 6.6,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3112 500
Сајт: www.moh.gov.mk

Во врска со епидемијата на морбили на ниво на Република Македонија , Министерот за здравство врз основа на член 57 од Законот за заштита на населението од заразни болести (Службен весник на РМ бр.66/04,99/09), и препораките на Комисијата за заразни болести при Министерство за здравство, ја донесува следната

## НАРЕДБА

1. Со пациентите заболени или сомнителни за морбили се постапува согласно „ Алгоритам патека за лекување, упатување и постапување со пациенти заболени од морбили „ во прилог.

2. Матичните лекари во координација со директорите на здравствените домови да определат една ординација како „кабинет за морбили„ , а во Здравствен дом Скопје да се обезбедат пет ординации - по една во секоја поликлиника, во која ќе се обезбеди постојана 24 часовна здравствена заштита , со цел брз прием и преглед на пациенти сомнителни на морбили и со исип .

3. Во „Кабинетот за морбили„ здравствена заштита обезбедува тим (лекар и сестра) од редот на матичните лекари кои наизменично ќе се менуваат ,на сите пациенти сомнителни за морбили ,кои ќе побараат помош , без разлика дали се прикрепени кај нив или кај друг избран лекар.

4. Да се врши дневно ( телефонско и со пријава ) известување за заболени од морбили до ЦЈЗ/подрачна единица.

5. Да се зајакнат општите профилактички мерки за дезинфекција и проветрување на здравствената установа.

6. Да не се врши рутинска вирусолошка потврда ,освен кај заболени лица кои се вакцинирани со една или две дози вакцина и по индикации (пр.новородено бебе од заболена мајка).

Република Македонија

**Министерство за здравство**

Наредбата стапува во сила со денот на донесувањето.

Прилог :Алгоритам патека за лекување, упатување и постапување со пациенти заболени од морбили.

Подготвил:Д-р Сузана Маневска

Одобрил:Прим.д-р Јованка Костовска

МИНИСТЕР

D-r Bujar OSMANI

Доставено до:

-матични лекари-СИТЕ

--Ахива